# З А П И С Н И К

**од Втората седница на Програмскиот совет на МРТ**
**одржана на 16.7.2025, 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

Присутни членови на Првата седница на Програмски совет на МРТ: *Лазо Трпков, Давор Пашоски, Марјан Велевски, Миле Грозданоски, Билјана Бабиќ, Владимир Палашевски, Маја Седрак, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Баким Лачи и Томислав Кежаровски.*
Онлајн присутна на седницата: *Ивана Ефремовски*

Втората седница на Програмскиот совет започна во 11.05.

Миле Грозданоски го прочита дневниот ред кој беше едногласно прифатен од сите членови на Програмскиот совет на МРТ.

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на записникот од Конститутивната седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Избор на Претседател и Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на записникот од Конститутивната седница на Програмскиот совет**

Записникот од Конститутивната седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Избор на Претседател и на Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ**

Присутните беа поканети да дадат свои предлози за избор на Претседател на Програмскиот совет на МРТ. По истоветниот предлог на повеќе членови на Програмскиот совет на МРТ за Давор Пашоски за Претседател на Програмскиот совет на МРТ, предлогот за негов избор се стави на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ.**

По спроведеното гласање Давор Пашоски е избран за Претседател на Програмскиот совет на МРТ.
По завршениот избор, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски продолжи да ја води Седницата.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, со цел поефикасна работа на Програмскиот совет на МРТ, предложи Дневниот ред да се дополни со уште една точка, така што Дневниот ред продолжи во следната насока:

**Дополнет Дневен ред:**
**1. Разгледување и усвојување на записникот од Конститутивната седница на Програмскиот совет на МРТ**
**2.Избор на Претседател и на Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ**
**3. Разно**

Предлогот се стави на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови.**

По дополнување на Дневниот ред се продолжи со избор на Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ. Најголемиот дел членови на Програмскиот совет на МРТ го предложи Патриот Лумани, по што Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го стави предлогот на гласање.

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови**
- **еден член беше воздржан – Томислав Кежаровски**

По завршеното гласање Патриот Лумани беше избран за Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ.

**Точка 3. Разно**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски, со цел Програмскиот совет на МРТ целосно да се стави во функција час поскоро, даде предлог да се задолжат службите на МРТ да изготват Предлог деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ и да го достават на разгледување на следната седница, со цел членовите на ПС на МРТ да дадат свои забелешки, што понатаму би водело до реализирање на едниствен и квалитетно изработен деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ во согласност со законските прописи.

Истовремено, Претседателот на ПС на МРТ, Давор Пашоски даде предлог, службите на МРТ да изготват редослед на обврски на Програмскиот совет на МРТ во согласност со Закон и со актите на МРТ.

Предлогот беше ставен на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ.**

Од точката 3 произлезе следниот:

**Заклучок:**

Директорот на МРТ да ги задолжи стручните служби на МРТ да изготват Нацрт-деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ, како и Редослед на обврски на Програмскиот совет на МРТ во согласност со Закон и со актите на МРТ во рок од 7 (седум) денови и истите да им се достават на Претседателот, на Заменик претседателот и на членовите на Програмскиот совет на МРТ на разгледување.

По исцрпување на Дневниот ред на Втората седница на Програмскиот совет на МРТ, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски предложи следната седница да се одржи на 24 јули 2025 (четврток) во 11.00 часот, со што воедно беше и завршена Втората седница на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 11.35.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Претседател на Програмски совет на МРТ

-------------------------------- Бр. 02-4627/2 од
Давор Пашоски 28.07.2025